Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22 и 134/24), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 јули 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Стојан Сарваноски од Скопје УП2 09-171/24 од 27 март 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-157 од 15 март 2024 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-157 од 15 март 2024 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Стојан Сарваноски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-171/24 од 27 март 2024 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-157 од 15 март 2024 година на КЕЦ Васил Главинов, против износот на надоместокот за приклучување од 218.551,00 денари за нестандарден приклучок за објект во с. Горно Коњари, Петровец.

За овој објект првично беше поднесен Приговор против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување, кој беше уважен од страна на Регулаторната комисија за енергетика со задолжение за Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување преку нестандарден приклучок.

Електродистрибуција има постапено по Решението на Регулаторната комисија за енергетика со што го има издадено Решението против кое сега е поднесен Приговорот.

Според Електродистрибуција – покрај парцелата на барателот поминува монофазна мрежа со лоши напонски прилики (GIS_so_dU_Sk3_Postoecka_situacija). Поради тоа потребна е реконструкција на истата.

Техничкото решение е влез-излез на постоечкиот кабел NAY2Y-J 4x240mm2 во ново КРО-Ф4. Монтажа на 4 нови А3 и 10 нови НН бетонски столбови и ХОО-А 4x95mm2 во должина од 560m. Прифаќање на

новиот СКС со кабел NAY2Y-J 4x150mm2 од новомонтираниот КРО-Ф4. Демонтажа на постоечките дрвени столбови и постоечката монофазна мрежа до парцелата на барателот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 1 јули 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-171/24 од 27 март 2024 година со прилог:
-Решение за уважување на Приговор УП2 09-341/23 од 25 јануари 2024 година
-Приговараното Решение
-Пресметки за надоместокот за приклучок
2. Дополнителни докази од ЕВН од 9 април 2024 година со прилог:
-Анекс-пресметка
-GIS скици, постоечка и новопредвидена ситуација одделно
-Спецификации на трошоци.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека спецификациите се коректно изработени, а цените се во согласност со Ценовникот на услуги на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, претходно одобрен од Регулаторната комисија за енергетика со Решение бр.12-3183/2 од 24.10.2019 година. За предметното подрачје, во кое се наоѓа имотот на барателот за кој е одобрено приклучување на електродистрибутивната мрежа, нема урбанистичко-ппанска документација и затоа приклучокот има третман на нестандарден приклучок.

Членот 39 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19 и 101/22) гласи:
(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат преку приклучок на дистрибутивната мрежа, кој може да биде стандарден или нестандарден приклучок.
(2) Стандарден приклучок е приклучок на низок или среден напон при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и е исполнет еден од условите:
1) одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400 kW;
2) сите колективни станбени, деловни и станбено-деловни објекти, без оглед на одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот
(3) По исклучок на став (2), стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти чија што максимална едновремена моќност е помала или еднаква на 11 kW и не се опфатени со локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а во подрачјето каде се наоѓа објектот за кој се бара приклучок има и други постоечки корисници и/или потенцијални баратели на приклучок.
(4) По исклучок на став (2) стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти за кои е издадена локална урбанистичко-планска документација (ЛУПД), а се наоѓаат во подрачје опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ).
(5) Сите останати приклучоци кои не ги исполнуваат условите од став (2), став (3) и став (4) на овој член се нестандардни приклучоци.

Согласно член 52 од Мрежните правила, корисникот чиј објект се приклучува на дистрибутивната мрежа е должен да го плати надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа кој се состои од надоместок за изградба на приклучокот и надоместок за создавање на технички услови во

дистрибутивната мрежа. Одредувањето на надоместокот за приклучување на објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се пресметува согласно Методологијата за начинот на одредување на надоместокот за приклучување на дистрибутивната мрежа на електрична енергија, дадена во Прилог 1 на Мрежните правила.

Имајќи го предвид горенаведеното се утврди дека износот на надоместокот за приклучување е направена согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, односно Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–171/24**
**18 јули 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**